Универзитет Св. Кирил и Методиј
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-2/ 82-103
26-09- 2013 год.

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер ( Службен весник бр.13/06,86/08 и 6/10) и член 40 став 1 алинеја 33 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 111/2009 и 174/2011), Наставно-научниот совет на Градежниот факултет на својата 404. седница одржана на 26.09.2013 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на листа на информации од јавен карактер**

Член 1

Се утврдува листа на информации од јавен карактер за кои Градежниот факултет е имател на информации и тоа:

**Органи на Факултетот (Наставно - научниот совет, Деканатската управа, декан и стручните тела на Факултетот)**
- Акти - општи, (достапни во: Универзитетски гласник, на веб страницата на Универзитетот)
- Тековни активности, (достапни на: огласни табли, веб страницата на Факултетот)
- Годишни извештаи, (достапни во: Публикација, веб страница на Факултетот)

**Настава**
- Извештаи за студенти (по разни основи: број на запишани, дипломирани студенти и сл. на прв, втор и трет циклус на студии, (достапни во: Извештаите на Државниот завод за статистика, Универзитетот)
- Студиски и предметни програми ( достапни во: посебни публикации (водич за студенти), веб страница и Извештаи на Универзитетот)
- Распоред на предавања, резултати од испити и сл. (достапни на: веб страницата и огласни табли на Факултетот)
- Регистар на наставно - научни лица, (достапни на веб страница, Извештај на Универзитетот, Државниот завод за статистика, Министерство за образование и наука)
- Регистар на соработнички звања, (достапни на веб страница, Извештај на Универзитетот, Државниот завод за статистика, Министерство за образование)

**Научно - истражувачка и апликативна дејност**
- Научни и апликативни проекти, (достапни во: посебни публикации, веб страница)

**Меѓународна соработка**
- Договори за меѓународна соработка, (достапни на веб страната, архивата на Факултетот)

**Бибиотечно работење**, (достапни во: матичната книга за евиденција на книжниот фонд, списанија, сепарати, билтени, картотеки и сл., веб страница)

**Издавачка дејност**
- Изданија на Факултетот, (достапни во библиотеката на Факултетот)

**Финансиско материјално работење**
- Годишен извештај за финансиско материјално работење, (достапни во: Управата за приходи, Државниот завод за ревизија, Централен регистар и Министерство за образование и наука)

Член 2

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се личните податоци ( од персоналното досие на вработените, досието на студентот и личните податоци прикажани во други материјали како и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Член 3

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страницата на Факултетот.

Член 4

Деканот или овластено лице од деканот определува простории за увид во информациите на Факултетот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Декан,**

**Проф. д-р Милорад Јовановски**

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје * Република Македонија * Градежен факултет Скопје *

Доставено до:
- Декан
- Секретар
- Архива